Врз основа на член 12 став 6 од Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/01, 42/03, 40/04, 70/06, 126/06, 88/08, 133/09, 171/10, 185/11, 6/12, 79/13, 188/13, 115/14, 129/15, 154/15 и 23/16), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ПРИЈАВАТА ЗА ЗАВЕРКА НА ПАРАГОН БЛОК И ИТНА СМЕТКОВОДСТВЕНА КНИГА

(„Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2016)

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на пријавата за заверка на парагон блок и итна сметководствена книга.

Член 2

Пријавата за заверка на парагон блок и итна сметководствена книга се поднесува на образец на хартија со бела боја во А4 формат.
Образецот на пријавата од став 1 на овој член е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/16).

Бр. 20-1538/5
28 март 2016 година
Скопје

Зоран Ставрески
Министер за финансии